MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

December 08, 2021 ■ Volume 40, Issue 2 (443) ■ Free www.macedonianewspaper.com



„Кој пие од водата, што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода, што ќе тече во живот вечен“. -Патронот на нашата Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, светиот Климент Охридски Чудотворец.

Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски заклучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.



Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
**Macedonia**
**1840 Bloor Street,**
**Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
:416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

Македонија MACEDONIA NEWSPAPER

## Месечен весник на Македонците во Канада и САД

### Почитувани читатели,

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**
**За информации контактирајте не' на:**

*SUBSCRIBE!* to the Македонија MACEDONIA NEWSPAPER

**Cell: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
**facebook: Macedonia Newspaper**



**Makedonija/Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**

### Голема благодарност до нашите соработници:

***Танас Јовановски***
- поранешен уредник на весникот ,,Македонија'', колумнист

***Бил Николов*** за Македонското Меѓународно движење за човекови права

***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Марија Ангелевски*** - ''Рецепти со Марија''
***Зоран Андоновски*** – соработник,
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми''(Постхумно)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник

***Боне Темелков соработник***
Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска во рубриката ,,Поезија со повод,,***
***Славе Катин -соработник***
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***
***Ристо Ристе (Мерко) за рубриката: ,,До кога браќа мили Македонци,,***

## NEWSPAPER Macedonia AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5
Phone: 416-421-7451;

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON
(905) 821-8050

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON
(905) 471-5555

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7
(905) 426-5355

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6
(519) 966-6257

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W
(905) 387-0111

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6
Tel: 416.755.9231

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue Toronto, ON M4K 3V2
East York

**Canadiana Flowers**
3087 Kingston Road
(416) 265-6867

**The Mechanics Shop**
79 Winter Ave
(416) 267-6033

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca
(416) 916-2075

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5
(905) 279-3261

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1






"St Clement of Ohrid" Macedonian Orthodox Cathedral
"Св. Климент Охридски" – Македонска Православна Црква
Епархиски Соборен Храм
76 Overlea Blvd, Toronto, Ontario M4H 1C5 Canada
Tel: (416) 421-7451; fax (416) 421-0721
www.stclementofohrid.com E-mail: info@stclementofohrid.com
Fr. Sasho Celeski: (437) 225 – 0962; e-mail: celeskis@gmail.com

Доколку имате прашања во врска со работата на црковната управа побарајте го претседателот, потпретседателот или секратарката на црквата, а ако имате прашање во врска со верата или со црковната служба побарајте го отец Сашо Целески.

# Интервју со Владе Димитриевски, Претседател на црковниот управен одбор во Македонската православна црква Св. Климент Охридски од Торонто

**Македонија**: Претседателе, пред крајот на оваа година ги сумираме резултатите од истата, уште една година во пандемија. Како ја издржавте вие како црква, како ја преживеавте оваа година?

**Владе Димитриевски**: Оваа година беше тешка како за сите, така и за нас. Се трудевме и уште правиме напори да ја одржиме црквата и во вакви услови и благодарение на поддршката од нашата комуна успеваме во тоа.



Владе Димитриевски, претседател на МПЦ Св. Климент Охридски, Торонто

**Македонија:** Климентовата вечер, со која се празнува патрониот ден на најстарата катедрална црква и најголема на овие простори, црквата Св. Климент Охридски одново ги враќа верниците, не само во црквата, туку и на традиционалната прослава и чествување во банкетната сала. Честитки по повод патрониот ден пред се’, кажете ни’ како се подготувате оваа година?

**Владе Димитриевски:** Оваа година нашата црква реши да го одбележи патрониот ден познат како Климентова вечер на 11 декември. Ќе организираме скромен банкет затоа што препораките за работа во услови на пандемија тоа ни го наложуваат.

**Македонија:** За повеќето цркви пандемиските денови беа предизвик и да се насочат кон поправки и други реновации на црквите, што направивте вие во изминатиот период?



**Владе Димитриевски:** Така е, во услови на живот со панедмија многумина се свртија кон реновирање и поправки, па така и ние тој период го искористивме за да ја средиме малку црквата во рамките на нашите можности. Го сменивме покривот на црквата, ги замениме прозорците во целата зграда, ставивме нови завеси во големата банкетна сала, во кујната поставивме нов фрижидер и замрзнувач и со тоа штедиме на енергија, направивме и нови кабинети во кујната и редовни тековни поправки. Секако во сето ова немаше да успееме ако ги немавме нашите донатори чијашто помош нема граници, а за нас е од пресудно значење.

**Македонија:** Како се подготвувате за претсојните Новогодишно-Божикни празници и дали и каква помош и’ е потребна на црквата Св. Климент Охридски во Торонто?

**Владе Димитриевски:** -Решивме да организираме дочек на Новата Година во црквата, затоа што мислиме дека на народот му е потребна оддишка. И Новата година ќе биде со ограничен број на гости затоа што тоа го наложуваат условите. Најголема помош за нас ќе биде нашата комуна да се охрабри и да дојде на дочекот на Новата година. За Божиќ како и секоја година ќе не радува ако ја видиме црквата полна. Како и секогаш во големата сала ќе организираме мала забава, се со цел луѓето да се видат меѓусебе и да си го честитаат Божик.

**Македонија**: И за крај на ова интервју, што ќе им порачате на верниците пред големите Новогодишно-Божикни празници кои се пред нас?

**Владе Димитриевски:** На сите верници од нашата комуна им ги честитам престојните празници им посакувам добро здравје и берикет во Новата 2022 година. Сакам во оваа година почесто да се гледаме, да си ја видам црквата во старото руво со насмевка на лицата на оние што доаѓаат. Посакувам без страв да се поздравиме и да си посакаме добро здравје. СРЕЌНИ И ВЕСЕЛИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ.

Ви благодарам!

## Честитка по повод патроновата слава на Св. Климент Охридски од парохискиот свештеник отец Сашо Целески



Драги браќа и сестри Македонци, повеќе од 11 века, Светиклиментовото слово зрачи и чудотвори, описменува и облагородува. Од силата на неговите поучни и пофални слова денес духовно се храниме сите ние православни Македонци а и многу народи ширум светот. Неговото слово е нашето битие, наш сопатник и пријател, врата низ која се преминува од смрт во живот. Неговото слово е и нашиот лек, утеха и живо питие. „Кој пие од водата, што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода, што ќе тече во живот вечен“. Нека ни е честит патронот на нашата Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, светиот Климент Охридски Чудотворец.



**ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА**
**ги известува сите Македонци и пријатели на македонскиот народ дека Гоцевата Комитска Вечер ќе се одржи на 5-ти февруари 2022 година.**

# Гоцева Комитска Вечер

## 5-ти февруари 2022

**МПЦ Св. Климент Охридски Торонто, од 19:00 часот**
**Вечера и забава со оркестарот ,,Бисер,,**



## G O T S E D E L C H E V N I G H T

**SATURDAY, FEBRUARY 5th, 2022 - 7:00 pm**
St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral, 76 Overlea Blvd , Toronto
Dinner and Dance with ,,Biser,, Orchestra

## Почитувани Македонци!

Организацијата Обединети Македонци во Канада Ви ги честита Божик и Новата 2022 година со желби за здравје и македонско национално единство.

Со почит,

од Драги Стојковски Претседател на Организацијата Обединети Македонци од Канада.






**The church of St. Clement of Ohrid from Toronto this year organizes a New Year's Eve!**

**Ticket price is $ 100 and cash bar.**
**You will be entertained by the widely known**
**,,Balkan Entertainment,,**
**For reservations and tickets call the church phone:**
**412-421-7451**



Црквата **св. Климент Охридски** оваа година организира дочек на Новата Година.
Цената на билетот е $100 и кеш бар.

Ќе ве забавуваат надалеку познатите
**,,Балкан Ентертејмент,,.**
За резервации и билети јавете се на црковниот телефон 416-421-7451






# НЕКА НИ Е ЧЕСТИТА ХРАМОВАТА СЛАВА СВЕТИ НИКОЛА



**Подготвил отец Емил Атанасов, парохиски свештеник при МПЦ „Св. Никола“ во Виндзор**

Претпоследниот месец од оваа година, го поминавме во одбележување на повеке празници и во други активности и настани. Со олеснувањето на здравствените мерки за заштита на луѓето, нашите членови и верници, во поголем број почнаа да ги посетуваат богослужбите и дружењето потоа. Овој месец според Православниот календар, на денот – Задушница, ги спомнавме блиските починати коишто почиваат овде или во татковината. Празникот на Св.Великомаченик Димитриј Солунски го прославивме литургиски, а и неколку наши семејства го имаат како своја куќна слава. Понатаму, се собравме во Црква на празникот на Св. Козма и Дамјан, божјите лекари, коишто истотака се почитувани во нашиот народ. Со полна црква и срдечни молитви го прославивме и денот на Св.Архангел Михаил и на сите ангелски воинства. Нека ни се напомош светите од месецот Ноември и нека се застапуваат за нашиот Македонски народ.

Нашата црковна заедница овој месец се зарадува и на Крштевањето на Ристовски Аце. Зачестените крштевања во последниот период, дејствуваат толку многу радосно и надежно и даваат позитивен стимул во целата заедница. Дај Боже, вакви радости Бог да дарува во секое семејство и да јакнеме како македонски и Божји народ!

Многумина од нашите браќа и сестри со силна желба и волја го започнаа Божикниот пост, којшто е важна подготовка и постепено воведување кон големиот празник на Раѓањето Христово.

Практикувањето и чувањето на овие Црковни заповеди, традиции и духовни средства за растење во Бога и усовршување во христовата вера,е многу важно и радува фактот дека многу луѓе со радост сакаат да ги исполнуваат.

Во Божикните пости, прв празник што го прославивме беше празникот на Воведение на Пресвета Богородица – Пречиста. Црквата премудро ги распоредила Богородичните спомени и празници во сите сезони и периоди од годината, за да не ја заборавиме мајчинската грижа и силната закрила на Богомајката, која толку многу придонесува за спасението на Христовиот род.

Во пресрет на значајните денови на Светиот Климент Охридски, за Црковната слава на нашиот храм Свети Никола и за претстојните Божиќни и Новогодишни празници, членките од Женската секција се потрудија празнично да ги украсат просториите на Центарот на нашата Македонска заедница во Виндсор.

Во чест и спомен на Светиот Климент Охридски, патронот и основоположникот на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија по неделната Света Литургија беше послужен ручек. Македонската црковна заедница полека се подготвува и за Храмовата слава за Свети Никола, која оваа година се надеваме да ја прославиме, достоинствено и во голем број со присуство на млади.





## Есенски настани во македонската православна црква Св. Никола во Виндзор, Онтарио















**To rent the renovated church hall contact us:**
**Tel: (905) 471-5555**
**201 Main St N, Markham, ON L3P 1Y4**

# Интервју со отец Горан Ристески, парохиски свештеник во МПЦ Св. Димитрија Солунски од Маркам

**Македонија:**
Отец Горан, вие сте еден од поновите свештеници во Канада, наследивте една од најактивните македонски православни цркви , црквата Св. Димитрија Солунски од Маркам, црква и културна заедница која преку целата година обилува со активности. Како е да се биде свештеник, кои се обврските, предизвиците, исполнението?

**Отец Горан:**
Да се бидеш свештеник е возвишена, и не така лесна работа,чест и одговорност во исто време, тоа е свесност дека со секој свој чекор претставуваш пример за своите парохијани кои те следат и ги почитуваат твоите постапки, со еден збор, ти си им водач низ сите црковни активности.

**Македонија:**
Со какви препреки и потешкотии се соочивте за време на месеците на пандемијата?

**Отец Горан:**
Како и сите останати цркви и нашата македонска православна црква Св. Димитрија Солунски од Маркам се соочи со големото бреме кое го донесе светската пандемија предизвикана од вирусот ковид 19. Таа се одрзи врз луѓето, стравот и напнатоста долго време траат, потребен е посебен пристап, поголемо внимание и разговори. За среќа нашите парохијани искажаа голема несебичност, одделувајќи од своето драгоцено време и пари, волонтерски без наједна награда и не само во нашата црква, туку и во останите цркви. Се соочивме со големи финансиски проблеми, но успеавме и во овие тешки времиња да опстанеме и се потврди писанието од библијата дека: ,,вратите на пеколот нема да ја надвладеат црквата,, и навистина благодарение на нашите парохијани кои помаага се овозможи црквата да продолжи со својот редовен живот.


Отец Горан Ристески свештеник во МПЦ Св. Димитрија Солунски, Маркам

**Македонија:**
Да, како што велите, животот во вашата црква, вклучувајќи ги и активностите на црковните секции полека се враќа. Отец Горан, како се подготвувате во пресрет на Новогодишно-Божикните празнувања?

**Отец Горан:**
Во последниов период посетеноста на службите е зголемена, црквата оживува, во септември го одржавме нашиот традиционален фестивал, на 8-ми ноември го прославивме нашиот патронен празник, а еве сега се подготвуваваме за познатата Крисмос парти, зад која стои женската секција со претседателката Сојна Алексовска Мириќ.
Исто така пред нас се и прославите на нашите празници, св. Никола, а ако даде Бог добри услови и традиционалната Василица односно Македонската Православна Нова Година која се надеваме дека ќе успеаме да ја одржиме, се разбира во согласност и со почитување на мерките и правилата пропишани од Онтариската Влада.

**Македонија:**
Црквата Св. Димитрија доживеа вистинска ренесанса, имате нов лифт, нови простории, прекрасно реновирана сала. Верниците велат дека лично со свој физички труд и заложби се вклучивте во реновирањето. Како изгледаше сето тоа?

**-Отец Горан:**
Реновирањето на црковните простории е заслуга на сите нас, не само мое залагање туку на сите нас заедно, кога сме сложни и работиме со христијанска љубов и вера и успесите не изостануваат. Имаме нов лифт врз кого се работеше во изминатите 2 години, банкетната сала успеавме да ја обновиме за две недели, и таа сега се издава со капацитет за 200 луѓе како и новата, мала сала која е погодна и се издава за ручеци,помали кршевски, родендени и други поводи со капациет за 30 лица.


Новиот лифт

**Македонија:**
Почитуван отец Горан, која е вашата порака до македонските верници, ваши парохијани по повод новогодишно- божикните празници?

**Отец Горан:**
Драги мои парохијани, драги Македонци, примете ги моите поздрави, чуваjте се, верувајте во Бога, молете се, зашто молитвата е посилна од сите зла. Срeќни и благословени празници!

Ви благодарам!


Малечката црковна сала







Женската секција од Св. Димитрија Солунски со претседателката Сојна Алексовска Мириќ (петта од лево)




## MakBiz.Net International
### online business directory of Macedonian Businesses and Professionals




**Такси Томче Битола**

**Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.**
**Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа**
**25 годишно искуство како професионален такси возач**

**Тел: 070 743 330**




# *MYNET's Annual Toy Drive is back!*

*We are kicking off our annual Toy Mountain toy drive! During these times, your donations are especially important.*

*This year we are making donating to our toy drive easier by accepting monetary donations. All the proceeds will be used to buy new toys to fill our drop-off box at St. Clement! You can also physically drop off toys every day between 9-3 at St. Clement (76 Overlea Blvd). The donation box will be located in the main hallway by the back entrance.*






# Чантата на Орце Камчев сврши работа!



Танас Јовановски
ноември 26, 2021

Ако се игра натпревар во било кој спорт за победник е прогласен поуспешниот во натпреварот кога натпреварот ќе заврши односно судиската свирка ќе го означи крајот на играта. Во политиката тоа правило не важи, посебно во нашата татковина. По поразителните резултати од локалните избори во Македонија премиерот Зоран Заев даде оставка во која изјави деке ќе поднесе оставка како морален чин. Незнам колкумина поверуваа во таа негова изјава! Посебно сум изненаден од опозициската ВМРО-ДПМНЕ која прогласи крај на владеењето на СДСМ и Зоран Заев. Му поверуваа на човечето (33) кое најдобро знае да лаже и никој не може да го надмине. Ниту пак некој направил обид да го тужи на суд за барем една од неговите илјадници лаги, а со лажење ја води државата. Во светот политичарите кои поднесуваат оставка тоа го прават со искреност. Поднесувам оставка ќе речат и тоа е свршен чин. Ако Зоран Заев некогаш поднесе оставка, таа оставка нема да биде како резултат на морален чин, туку поради тоа што нема каде понатаму. Прочитан е од секој еден кој знае да чита.

Имено, додека ВМРО-ДПМНЕ работеа на формирање коалиција со помали албански политички партии за да го зголемат бројот на пратеници во Собранието (61) со кои ќе изгласаат недоверба на владејачката партија во Собранието, Зоранчо, како и секогаш ги надмудри! Еден глас повеќе во македонското собрание не вреди ниту пет пари, никакви пари! Со парите во чантата на Орце Камчев и кој знае уште колку други чанти со пари за кои јавноста не знае можат да се купат завиден број на народни избраници. Кога го пишувам тоа, мислам на пратениците-затвореници кои Зоранчо ги дивлечка од затвор за да гласаат за промена на името на нашата татковина! Невидено, нечуено – од затвор во Собрание. И кога Христијан Мицковски прогласи победа на последните локалн избори, а со тоа и пад на Владата на Заев, тој целосно го заборави Заев, ги заборави неговите вештини, неговите валкани бизниси, неговите непристојни манипулации, безобразлук, калкулации...

Христијан Мицковски со доаѓањето на лидерското место во ВМРО даде изјава во која рече дека ќе се однесува државнички. Не е јасно дали тој мислеше дека ќе се однесува државнички кога ќе стане премиер или како лидер на опозиција. Се чини дека поверодостојно е второто. Од неговото доаѓање на лидерското место во ВМРО-ДПМНЕ не сме виделе нешто конкретно кое ќе го доведе на премиерската позиција. Однесувањето "државнички" во Македонија "не пали" бидејќи Зоран Заев од неа направи селска задруга. Однапред ти е изгубен боксерски меч ако противникот удира од глава до пети, а ти се држиш до правилата. Не случајно неговиот коалиционен партнер Димитар Апасиев од партијата Левица повикува на радикализација на опозицијата. Се воведе двојазичност, се продаде името, на маса е историјата, се откажавме од нашите национални малцинства,... а се однесуваме државнички! Заборави ли Мицковски како дојде на власт СДСМ? Ги заборави ли тој секојдневните протести? Слоганот НЕМЕ ПРАВДА НЕМА МИР и денес им ги пара ушите на македонските граѓани. Да, денес и-нема мир, а каде е правдата?

Ден или два по локалните избори мнозинството граѓани во Македонија веруваа дека е свршено со власта на Заев. Христијан Мицковски направи коалиција со помали политички партии од опозицискиот блок меѓу кои и партијата Беса со што обезбеди мнозинство од еден пратеник во Собранието односно 61 пратеници. На денот кога беше закажана седница во Собранието за да се изгласа недоверба на актуелната влада, Кастриот Реџепи од Беса не се појави во Собранието, со тоа падот на Владата на Заев е одложен за некои подобри времиња. Кастриот Реџепи не се појави во Собранието според јавните гласила поради големата грижа за државата. Во деновите кога него го немаше медиумите беа преполни со претпоставки каде е пратеникот? Имаше тврдења дека е киднапиран (неосновани), дека некој му шепнал на уво да не оди во Собрание тој ден (наредба) и што не друго дури Реџепи не се појави самиот во јавноста. Кастриот Реџепи не се појави тој ден во Собрание (според него) од љубов кон државата. Не сакал да и' наштети по барање на висок европски функционер кој го информирал дека Европската унија ќе ја прими Македонија идниот месец (декември) како нејзина членка! Прикаски за мали деца! Како бре тоа, без преговори, без пазарење? Каква сила е нашата Македонија? Јас претпоставувам дека Реџепи не се појави во Собрание по молба на неговата сопруга која го замоли да ги исече огревните дрва тој ден или пак некој ќе наминел кај него со чанта од типот на онаа што сега никаде ја нема, а ја наполни со евра Орце Камчев и и' ја предаде на "специјалната" Катица Јанева. И што се случува сега? Орце Камчев зад решети, Катица ужива дома (во притвор) како заслуга за нејзината "беспрекорна" обвинителска работа, а мене сон не ме фаќа што побргу да дојде декември и јас најпосле да станам вистински Европеец! Ееej членка на Европската унија во распаѓање. Сега, како што неодамна рече Бранко Црвенковски, се очекува Европската унија да не храни, а НАТО да не брани! Фрлете настрана секири, лопати, дипломи трактори, фабрики. Уживајте во благодетите кои ни ги донесе Катстриот Реџепи, човекот кој ни ја спаси Македонија! Да не нешто се избрзав овде. Можно е сопругата на Реџепи да не му дозволи да оди во Собранието да гласа? И уште нешто. Да не некој му стави на слепоочница пиштол и му рече седи си дома ако сакаш главата да ти остане на рамена. А не ќе бидам изненаден ако чантата на Камчев или нешто слично ја одигра главната улога во оваа лакрдија!

# Финанасиска помош за семејствата и ослободување на уставобранителите



**Порака на Боне Темелков претседател на Светскиот Македонски Конгрес Канада до македонската јавност преку социјалната мрежа Фејзбук :**

Браќа и сестри Македонци во Македонија и ширум светот, новогодишните и божиќните празници се ближат и во оваа 2021 година а нашите браќа уставобранители веќе полни 4т-ри години се обесправени и одвоени од нивните фамилии.

Ова е 3-та година по ред како собираме донации за нивните фамилии кои се оставени на милост и немилост,оставени сами да се борат со неправдата, сами да се борат со неизвесноста и судбината на нивните татковци, сопрузи,синови . Да не дозволиме да се борат и со сиромаштијата , барем во таа борба можеме да им помогнеме!

Наша должност како Христијани и Македонци е да подариме таму каде што нема ,да донесеме насмевка наместо солзи, да внесеме верба каде што е изгубена.

Не смееме да дозволиме Македонските патриоти и нивните семејства сами да ги пребродуваат овие новогодишни и божиќни празници, не смееме да ги оставиме нивните деца без пакетче под елката и празни божиќни трпези, нивните домови без струја или огрев за зимата .

Минатата 2020 година преку фејсбок донации собравме отприлика $30.000 канадски долари, сите средства транспарентно и подеднакво беа поделени на 20 фамилии со директна достава на помошта до секоја фамилија поединечно. Ова година целта ни е да собереме најмалку $35,000 Канадски Долари.




Бидете хумани ,да ги помогнеме фамилиите на нашите браќа уставобранители и македонски патриоти.Раката што дава не се суши ! Сите собрани средства ќе бидат подеднакво поделени со семејствата јавно и транспарентно.

Ви благодарам.




**СООПШТЕНИЕ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРКОВНАТА УПРАВА ВО МПЦ СВ. ИЛИЈА ОД МИСИСАГА АЦО КРСТЕВСКИ**



Драги пријатели,
Со големо задоволство сакам да ве известам дека лифтот во нашата црква е комплетно инсталиран и пуштен во употреба. Со поставување на лифтот се овозможува непречено движење и комуникацијиа помеѓу сите нивоа во нашата црква за сите лица кои имаат потреба од лифт, особено во зимскиот период кога движењето околу црквата е отежнато .
Овој проект беше многу комплексен од самиот почеток до неговиот крај. Но, со голем труд и добра организација успеавме да го завршиме во целост и да го предадеме на црквата за сегашно и идно користење. Оваа инвестиција и покрај тоа што се направи во период на пандемија во најголем дел е финансирана со средства на нашата црква Свети Илија како и со донации од нашите донори. Секоја донација во нашата и ваша црква е донација за вас и вашата фамилија, бидејки ние како управа сме времени, но црквите и донациите се вечни и од Господ благословени.
На крај би ве замолил сите кои сте во можност да ја помогнете нашата црква ,секој колку што може.
Можете да донирате и преку Go Fund Me на линкот подолу.
https://gofund.me/57998935
Однапред ви благодарам за сите ваши донации.

**Ацо Крстевски**
**Претседател на управниот одбор на МПЦ Св.Илија Мисисага**





**ДОСЕГА ОД ПОВЕЌЕ ДОНАТОРИ СОБРАВМЕ ПРЕКУ $15,000.00**

**ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ,,RIVER SIDE,, ЗА НИВНИТЕ ДОНАЦИИ ОД $10,000.00.**



ДОНАЦИИ ЗА ЛИФТОТ

| ИМЕ НА ДОНАТОРОТ | Износ |
|---|---|
| ПЕНЗИОНЕРСКО ДРУШТВО RIVERSIDE | $ 10,000.00 |
| ТРАЈЧЕ ЈАНАКИЕВСКИ | $ 1,000.00 |
| МИШКО ТРАЈКОВСКИ | $ 1,000.00 |
| СВЕТА НЕДАЛА-АЈАХ | $ 1,000.00 |
| МЕТОДИЈА БОГДАНОВСКИ | $ 500.00 |
| ГОРДАН ЈОВАНОВСКИ | $ 300.00 |
| БОРИС БОЖАРОВ | $ 200.00 |
| ТАНЕ АДЖИЕВСКИ | $ 100.00 |
| ПЕРО ЈОВАНОВСКИ | $ 100.00 |
| ЈОРДАН ДАМЈАНОВСКИ | $ 100.00 |
| АЦО И ЕЛИЗАБЕТА КРСТЕВСКИ | $ 300.00 |
| БОРИС И ГОРИЦА ДИМЕСКИ | $ 200.00 |
| БОНЕ ТЕМЕЛКОВ | $ 100.00 |
| ЈОНЧЕ ТОЛОВСКИ | $ 100.00 |
| АНОНИМЕН | $ 20.00 |
| ВКУПНО | $ 15,020.00 |




# ДЕДО МРАЗ ВО МПЦ СВ. ИЛИЈА

**Драги деца,**

**Дедо Мраз ве поканува на 19-ти декември 2021 година да дојдете со своите родители на Богослужбата и свечениот ручек по што ќе следува средбата. Бидејќи бевте многу умни во текот на целата година повелете и на новогодишно пакетче.**



# Свечен ручек по повод празникот Св. Никола

**На 19-ти декември , женската секција ве поканува на свечен ручек по повод големиот христијански православен празник Св. Никола.**
**Ручекот ќе биде послужен веднаш по Богослужбата. Сите сте поканети и добредојдени.**






# СРЕЌНА НОВА 2022 И СРЕЌНИ БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВААТ УПРВАТА НА ЦРКВАТА СВ. НЕДЕЛА ОД ЕЈЏЕКС И ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА











Почитувани читатели, управата на црквата Св. Недела од Ејџекс со претседателот Славе Бунтески и претседателката на женската секција Милица Попоска со својата управа на сите Македонци, членови и парохијани им испраќаат срдечни честитки за добро здравје, среќа и напредок во пресрет на Новогодишните празници.Во нивна организација на 5-ти декември во прекрасно украсената банкетна сала ја одржаа годишната Крисмос Парти по повод канадски Божик, и слава за уште една иако тешка, сепак успешно изминатата година. Ручекот беше подготвен од прочуената и висококвалитетна готвачка и менаџер Марија Ангелевска и нејзините соработнички. За лотаријата се погрижија женската секција и несебичните дарителки. До сите верници благослов улатија парохискиот свештеник Александар Зашов, поранешниот свештеник во црквата Св. Недела Благе Димитриевски и отец Горан Ристески од МПЦ Св. Димитрија Солунски од Маркам. Пред присустните се обратија претседателот Славе Бунтески, претседателката Милица Попоска, отец Александар Зашов и Ацо Крстевски, претседател на МПЦ Св. Илија од Мисисага.

На свеченоста беа собрани околу 11 илјади канадски долари донации од верниците.
































NOW ACCEPTING NEW PATIENTS

# “Thank you…

…very much for selecting me as ‘Best Denturist’ for 17 years, and demonstrating your faith, trust and confidence in me yet again. Always striving to serve you better, we now offer – on the premises – implants and implant-supported dentures to give you the ultimate denture holding power.”

Victor Minas, DD, FCAD(A)

# After 10,300 dentures Victor Minas is still smiling

*Making a great impression – materials, colour, size, shape, test fittings. Every full or partial denture is crafted by uncompromising professionals.*




## No wonder, he's been voted Best Denturist for 17 years!*

Victor Minas DD, FCAD(A) takes the art and science of denturism very seriously. Voted by patients as ‘best denturist’*, he’s always looking for better ways to serve them. As a member of both the Denturist Associations of Ontario and Canada, he has kept well abreast of all innovations and technical advancements. And as result, you simply won’t leave his clinic until you’re 100% satisfied. No wonder thousands of his patients are smiling too.




*The practice of great denturism involves as much old-world artisanship as it does state-of-the art science. And since no two patients are alike, we build every set of dentures uniquely for the person who wears them.*

### World-class dentures at your neighbourhood clinic

Building great dentures involves three critical components. One: Use only the best materials. Two: Cutting corners is never an option. Three: It takes wisdom and experience to fit, refine and adjust your dentures until they look and feel as natural as possible. Victor is the designated denturist of many dental surgeons who routinely refer patients to him. Since the dentures are built right on site, you’ll never pay a third party markup. Of course, all the teeth on our premium dentures are warranted up to 5 years.

So please, call anytime and we’ll give you some beautiful new reasons to smile.

*BASED ON A READERS’ POLL BY METROLAND NEWSPAPERS , 1999-2019

### FREE denture consultation.

**Kindly call and shedule a free appointment - no obligation.**




*Janet’s specialty is listening with a sympathetic ear. As busy as we get, everyone receives the individual treatment they’ve come to expect from Victor Minas.*

- *In-house lab for fast service and patient-direct prices*
- *All Insurance plans accepted*
- *Flexible payment options*
- *Seniors discount*
- *Same day repairs and relines*
- *Evenings and weekend appointments available*
- *Free parking*

## Victor Minas, DD, FCAD (A)

**Board Certified Denture Specialist**

admin@victorminasdentures.ca | smilecorp.com

(905) 721-2797

117 Kendalwood Rd, Whitby

MANAGED BY SMILECORP



# ОСТЕОАРТРИТИС

**Dr.Valentina Peeva**
**MD,MSc, FRCPC**
**Associate Professor**
**Internal Medicine Specialist**

Остеоартритисот е невоспалително прогресивно, дегенеративно нарушување на функцијата на зглобовите. Тој е најчест тип на артрит и е резулатат на секојдневното постепено оштетување и евентуално губење на 'рскавицата во зглобот, водејќи до болка и отежнато движење. На сликата подолу шематски е прикажано како е граден зглобот, со што полесно ќе се разбере механизмот на кој остеоартритот настанува.



Како што може да се види од сликата зглобот се состои од:две коскени површини,а помеѓу нив се наоѓа 'рскавицата.Во здравите зглобови, 'рскавицата дава еден вид мека потпора, која им овозможува на коскените површини да се движат една врз друга без отпор.

Од горенаведеното може да се заклучи дека остеоартритисот е заболување кое може да го зафати сите компоненти на зглобот; вклучувајќи ги коската, 'рскавицата и лигаментите. Остеоартритот може да се манифестира како:

- Воспаление на ткивото околу зглобот
- Оштетување на зглобната 'рскавица (заштитниот мек слој на краевите на коските што овозможува зглобовите мазно да се движат)
- Коскени израстоци што растат околу работ на зглобот т.н. остеофити
- Уништување на лигаментите (цврстите нишки што ги држат зглобовите споени) и на тетивите (нишките што ги поврзуваат мускулите со коските).

Остеоартитисот може да го зафати секој зглоб, но најчесто се јавува во колената, колковите, вратот и долниот дел на 'рбетниот столб, како и прстите.

Губењето на еластичноста и дегенерацијата на зглобната 'рскавица се јавува





како неразделен дел од стареењето на луѓето. Можно е да се појави и во порана возраст, иако во тие случаи има некоја додатна причина, како на пример чести повреди, вродени аномалии на зглобот, одредени спортски активности и професии кои екстремно ги оптоваруваат коските и зглобовите.

Преваленцијата на остеоартритот е околу 25% од светската популација, а најзасегнати се луѓето на средовечна возраст.

Во зависност од степенот на оштетеност на 'рскавицата во зглобот и симптомите кои се јавуваат, остеоартритот се јавува во четири стадиуми:

- Стадиум 1 – Минимално оштетување на зглобот кое се манифестира со минимална или воопшто никаква болка
- Стадиум 2 – Умерено оштетување на 'рскавицата,кога рентген сликта ќе покаже коскени израстоци. Тогаш се чувствува болка по подолго стоење и лекарот може да сугерира физикална терапија и носење на некој вид протеза
- Стадиум 3 – Напреднато оштетување на 'рскавицата, кога таа почнува да еродира и да покажува стеснување на просторот меѓу двете коски. Третманот вклучува лекови за болка или интраартикуларна (внатре во зглобот) инекција со кортикостероиди
- Стадиум 4 – Силно оштетување на 'рскавицата,кое се манифестира со силна болка. 'Рскавицата е комплетно оштетена,водејќи до инфламаторен одговор на зглобот. Коскените израстоци се мултиплицирани, предизвикувајќи силна болка. Во овие случаи се препорачува и оперативен зафат- замена на зглобот т.н. артропластика.

РИЗИК ФАКТОРИ

Фактори, кои може да го зголемат ризикот од остеоартритис вклучуваат:

- Возраст - ризикот за остеоартрит се зголемува со возраста
- Пол - пред 55-та година, се јавува подеднакво кај двата пола, а послев 55та година повеќе кај женскиот пол.
- Зголемена телесна тежина - допринесува за појава на остеоартритот на повеќе начини. Колку е поголема тежината, толку е поголем ризикот, посебно за носечките зглобови како што се: колената и колковите. Исто така масното ткиво продуцира протеин, кој може да предизвика штетно воспаление околу зглобот.
- Повреди на зглобот- повреди при играње спорт или од сообраќајна несреќа го зголемуваат ризикот од остеоартрит. Дури и повреди, настанати пред многу години, иако заздравени може да го зголемат ризикот.
- Генетски фактори - некои луѓе ја наследуваат тенденцијата да развијат остеоартрит од свите родители
- Деформација на коските - некои луѓе се родени со малформација на коските и 'рскавицата.

Колковите и колената се едни од носечките зглобови на телото. Активностите, кои вклучуваат тешка физичка работа,која ги оптеретува овие зглобови се една од причините за честа појава на остеоартрит на истите.

СИМПТОМИ

Симптомите на остеоартритисот се јавуваат постепено и се влошуваат со тек на времето. Најчести знаци и симптоми на остеоартритисот се:

- Болка - во афектираниот зглоб се јавува болка, која е тапа, се јавува за време и после движење, посебно е јака ноќе
- Вкочанетост - најчесто наутро после будење или ако зглобот не бил активен подолго време
- Осетливост- зглобот е чувствителен на допир или лесен притисок
- Губење на флексибилноста - намален опсег на движења во зглобот
- Крцкање (крепитации) во зглобот- при движење може да се чуе звук на крцкање
- Коскени израстоци - екстра коскено ткиво како израсток може да се формира околу зглобот. Најчесто се јавуваат на прстите,предизвикувајќи нивни деформитети.
- Отоци - може да се јават поради инфламација на мекото ткиво околу зглобот

ДИЈАГНОЗА

Дијагнозата се поставува според симптомите и клиничкиот преглед направен од лекар, после кој доколку е индицирано се закажува рентгенско снимање на зглобот.

- Рентгенското снимање - може да покаже стеснување и промена во формата на зглобот.Исто така може да ги покаже и коскените израстоци. Овде треба да се напомене дека не секогаш наодот на рентгенската слика корелира со симптомите на пациентот. Понекогаш промените на рентген сликата може да се видат многу порано пред да се јават симптомите.
- Магнетна резонанца - е пософитицирана метода во детектирање на причината за болка во зглобот и се користи за да се добие подетална слика на коската и меките ткива,вклучувајќи ја и 'рскавицата.
- Крвната слика може да помогне само за да се исклучат други типови на артритис, како на пример ревматоиден артритис.Во случај на остеоартритис не се очекуваат некои промени во крвната слика.
- Анализа на течноста во зглобот- со шприц се зема синовијална течноста од злгобот и се анализира под микроскоп. Аспириранта течнсота во случај на остеоартритис е бистра,жолта, вискозна и нема воспалителни клетки. Доколку аспирираната течност има други карактеристки значи станува збор за некое друго заболување на зглобот.

Овде би сакала да напоменам две други ревматолошки заболувања кои може да имаат слични карактеристики на остеоартритот, но имаат сосема различна етиологија и различен третман. Тоа се реуматоиден артритис и гихт(гоут).

Реуматоиден Артритис (РА) е хронично,прогресивно автоимуно заболување на зглобовите. Болеста се карактеризира со создавање на антитела кои водат до хронично воспаление на синовијалната мембрана, која со тек на времето води до оштетување на зглобот. РА се дијагностицира според клиничката слика, како и специфични автоимуни маркери (ревматоиден фактор) во крвта. Третманот е специфичен и е со лековите: Methotrexate, Hydroxychloroquine и Tumor Necrosis Factor Inhibitors—etanercept,adalimumab и infliximab.




Гихт се манифестира со акумулирање на кристали од урична киселина во зглобовите, предизвикувајќи отоци, болка и црвенило. Најчесто е зафатен ножниот палец, но може да се зафатени и други зглобови: скочниот зглоб, стапалото или колено. Може да се јави поради консумирање на големи количини на алкохол, диета во која доминираат масти или во случај на бубрежни заболувања. Дијагнозата се поставува врз основа на клиничката слика и покаченото ниво на урична киселина во крвта. Третманот е со лековите: Colchicine и Allopurinol.




ПРЕВЕНЦИЈА

За да се превенира остеоартритисот, препорачливо е да се прават вежби. Тие ги зачувуваат зглобовите и мускулите, здрави и подвижнии. Многу е важен и здравиот начин на исхрана, чија цел е одржување на идеална телесна тежина.

Како што напоменав остеоартритисот е болест која се појавува воглавном со возраста. Иако возраста не може да се превенира, може да се превземат чекори да се намали ризикот од остеоартрит, вклучувајќи:

- Вежбање - недостатокот на вежби е покажано дека ја намалува 'рскавицата и предизвикува стрес на зглобот. Физичката активност е најдобар начин на превенција.
- Избегнување на паѓање - превземањето на чекори за редуцирање на паѓањето и последователните повреди е клучен фактор. Повредите може да доведат до промена на рамнотежата на телото, промена на начинот на кој се движиме и слабеење на мускулатурата.
- Редуцирање на тежината - Луѓето со прекумерна тежина, кои ќе изгубат 5% од телесната тежина, имаат 25% редуцирање на симтомите од остеоартритот.

ТРЕТМАН

Третманот вклучува:

- Физикална терапја, со цел да се намали оптеретувањето на зглобот, да се зголеми радиусот на движење на зглобот и да се зацврсти тонусот на мускулатурата околу зглобот
- Лекови - не постојат специфчни лекови за третман на остеоартритот. Во случаи на болки се препорачуваат нестероидните антиревматици (NSAIDs) како што се:аспирин,ибупруфен и диклофенак.
- Употреба на интра-артикулирана (внатре во зглобот) инекција е еден од етаблираните нон-оперативни методи за третман на симптоматски остеоартритис. Најчесто употребуван лек за оваа цел се кортикостероидите, а може да се користи и хијалуронска киселина.
- Помагала како што се протези, бастум за одење и влошки за чевли
- Операција со цел замена на зглобот се препорачува кај тешки форми на остеоартрит со дефинитивни радиографски промени и болки кои не може да се контролираат со горенаведените методи. Замента на зглобот доведува до ослободување од тегобите и рехабилитрање на зглобанта функција. Артроскопијата (операција што се прави низ мал отвор) не се препорачува како начин за лекување кога има болка при остеоартритис на коленото.

Во заклучок, остеоартрисот не е повеќе болест на постарите, туку болест која мозе да се јави во било кој период од животот, доколку не водиме соодветна грижа за себе и своето здравје. Правилната исхрана, оддржувањето на идеалната телесна тежина и умерената физичка активност се основните параметри за превенирање на остеоартритисот.

# ZAEV REGIME IN MACEDONIA KIDNAPS OPPOSITION MP TO PREVENT NO-CONFIDENCE VOTE

Macedonian Human Rights Movement International condemns the Zoran Zaev regime's latest tactic in maintaining its grip on power in the Republic of Macedonia. In order to prevent a no-confidence vote on November 11, 2021, the Zaev regime kidnapped Kastriot Rexhepi, a member of the ethnic Albanian party Besa, leaving the opposition coalition with 60 MPs - one short of the 61 needed for quorum.
The opposition coalition submitted the no-confidence motion, with 61 signatures, on November 8, 2021. The Zaev regime quickly moved to target MPs in the opposition and ultimately abducted Rexhepi, who was prevented from appearing in the November 11 parliamentary session. He was unable to be located or reached, resulting in a frantic search, and amid calls to police and condemnation of the Zaev regime by Besa, VMRO-DPMNE, Levica and other parties in the opposition coalition. A cryptic message was later posted on Rexhepi's Facebook page, followed by a scripted video posted several hours later - all fueling concern for his well-being.
Unfortunately, such tactics are commonplace in the Zaev regime, which infamously held eight opposition MPs in parliamentary chambers against their will until they followed orders to vote to change Macedonia's name. The MPs, with women especially targeted, were blackmailed, bribed and



threatened with prison sentences, including threats to their families. Further tactics employedby the Zaev regime include, but are not limited to: the imprisonment of dissenters; riot police attacking, beating and arresting peaceful protesters; firing (from public and private sector jobs) of thousands of Macedonians; shutting down media and imposing prison sentences for journalists; blocking social media access ZAEV REGIME IN MACEDONIA KIDNAPS OPPOSITION MP TO PREVENT NO-CONFIDENCE VOTE
for individuals and media outlets; outlawing and criminalizing the use of the term "Macedonia"; the investigation and intimidation of Macedonian civilians including physical attacks and arson; and the continued unlawful detention of Macedonian political prisoners who are subject to abhorrent prison conditions.
Tragically, instead of condemning the Zaev regime, NATO and EU member-states have chosen to enable it in order to fulfill their own misguided foreign policy objectives. Yet, they have the gall to condemn other international regimes for the same human rights abuses.
Macedonian Human Rights Movement International demands equal treatment for Macedonians and specifically calls on the international community to demand the immediate release of Rexhepi, all Macedonian political prisoners, and to condemn the Zaev regime for its continued human rights violations, including the forced name, identity and history change imposed on Macedonians.
Bill Nicholov, President, MHRMI



# REPORT ANTI-MACEDONIAN HATE

Have you experienced anti-Macedonian hate? Sadly, the answer is yes. All Macedonians have. But Macedonian Human Rights Movement International is taking action. Report an incident now.

The wilful promotion of hatred is illegal and an indictable offence. When it happens to other ethnic groups, it is rightfully condemned and often leads to prosecution. Macedonians demand equality.

No group should be a target of hate. Macedonians know all too well that the simple fact of being Macedonian and publicly identifying as such evokes outrage by our oppressors.

Reactions include, but are not limited to: hate speech; physical violence; denial of our right to self-identify; public incitement of hatred; hate propaganda denying our ethnic origin; campaigns aimed at denying our right




to our own name, identity and history; inciting and attempting to coerce others, including the media, education systems and elected officials to deny the existence of Macedonians; campaigns promoting the cultural misappropriation of the term Macedonian.

Unfortunately, Macedonians are frequently subject to hate and the denial of our ethnic identity by, not only our oppressors, but those who should be defending our rights – namely journalists, politicians and other public officials.

**Join MHRMI in our demand for equality and defence of Macedonians' human rights. Report an incident now.**

**Илегален закон не е закон. "Преспанскиот договор" може лесно да се раскине. Барајте тоа да се случи.**
#НашетоИмеЕМакедонија #Македонија




**When #EU/ #NATO member-states - who ADMIT to trying to annihilate your name, culture, identity, history and #humanrights - demand that you give up everything that you are to join the (worthless) club, you say NO. Too bad politicians in #Macedonia are just as worthless (and spineless)**










Macedonia Undivided




Partition of Macedonia in 1913

# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (1)

Македонскиот оптимистички вознес на Македонците во дијаспората се најавува со цел за да се насочат своите патриотски чувства, и за воздигнување на моралот и љубовта на Македонците кон Македонија кои од разни причини ја напуштиле родната земја. Нивната инспиративност не била само од туѓите влијанија и пропаганди од надвор, туку и ситуацијата која што ја зафаќала Македонија во рамките на Федерацијата Југославија, тие гледале една нерамноправност на македонскиот народ во републиката, и затоа нивната мисија ке се насочи кон самостална и независна држава која ќе се пренасочи во борба за обединета Македонија со сите други неслободни делови.

На европскиот континент веќе почнува да се забележуваат фашизоидни движења на припадници од државите кои се наши соседи и вечни јадници. Ова ќе биде доволно нашата емиграција во оваа средина да се организира, да се групираат и да го превземе во свои раце јуначкиот подвиг за доброто на својата земја. И така македонскиот вознес ќе преземе широки размери во 60-те и 70 -тите години од 20 век. Сведоштво е дека нееднаш Македонците реагирале на прекројувањето на историјата на балканот посебно на Македонија, тие и сега тоа ќе го прават по силно и со посигурен потфат. А ние знаеме со какви амбиции ни се нашите соседи , тоа се случувало во минатото, тоа се случува и денес во модерно време, тие илузии, заблуди и апсурдности за жал се уште ги носат со себе. Нашите соседи всушност се уште живеат со тие стари завојувачки страсти, но македонскиот разгорен вител и револуционерниот занес што ги запенуваат реките и ги расветлуваат заспаните шуми, и тој македонски револуционерен вознес во овој 20 век ќе мора да го продолжи некоја нова генерација со нови сили, идеи и амбиции, со кои ќе може македонската нација да преживее и да достигне до зазорот на своето воскреснување. Токму така, таа нова генерација, таа нова елита ќе треба да создаде едно ново време , поразлично од ова кое ќе се слави како триумф, оти оние повторно раскрилени револуционерни вознесенија за какви Македонија едвај чека, но тоа ќе биде едно поинакво време, едно друго потомство со нов патоказ што ќе го следат генерации недогледниот видик. Како што ќе рече Прличев во поемата "Сердарот" "Но по желба на бога може и триумф да има ".

Да се потсетиме и на Мисирковите зборови како тој ги воздигнува нашите предци, ние сме срам за него: " Да се покажеме достојни нивни потомци: да им ги зачуваме славните имиња и да го зачудиме светот со нашата храброст, умешност и самопожртвуваност; да го отресеме од себе срамниот јарем што не гуши пет века":

Мисирков не потсетува дека македонскиот народ , посебно македонската интелегенција, своето македонско народно сознание ќе треба да го оствари без никаква помош, сам да го зграпчи во свои раце, секоја надворешна помош ќе биде само за свои лични апетити. Ако тоа не сме го виделе низ времето што поминало, значи досега не сме правеле ништо. Па затоа кај македонската емиграција во Европа ќе се појави и тој прв потфат, да се започне нешто ново и успешно, дури и појако од нивното верување и разум, дека нивниот обид ќе може да биде успешен со далекусежно значење за новиот македонски светоглед.

Тој патриотски вознес, тој борбен и смел подвиг кој ќе биде достоен за почит, по моја констатација ќе може да го понесе на неговите плеќи само Драган Богдановски. Тој повеќе од 30 години ќе биде активен и во челните редови на македонската емиграција. Издигнат со национален и специфичен дух, Богдановски ќе ја предложи својата политичка агенда и неговиот сеопфатен став мислејќи дека ќе опфати широк спектар на можности, различни слоеви и различни мислења кај македонските емигранти на Европскиот континент. Тој ја гледаше македонската емиграција тука, како неопределена без некаква фиксна идеја, или со верување во некакви неостварливи замисли или светлосни дела, или има и такви кои подпаднале под некои туѓи влијанија и лажни струи. Тоа сакаше да го измени овој "волшебен јунак", што туку дошол од Аргентина и Бразилија кој со него донесол заплиснат бран од Атланскиот Океан, убеден дека пребликнатиот македонец ќе може да влијае кај македонците со доверба на зголемено национално чувство, силен дух на самодоверба и непрегорна енергија што ќе може да ги здружи сите во едно, да го прифатат неговиот револуционерен карактер , да се концентрираат кон самосознавањето и да тргнат по него преблесно до македонската виделина. Чекорејќи по тој пат Драган нема да биде сам, ќе има наши македонци кој ќе го поддржуваат и ќе се гордеат на неговите дела, но ќе има и такви кои само ќе опсервираат и ќе чекаат момент како да го обезличат него и неговите делувања.

"Воденица без камен не мели жито"

Македонската политичка емиграција исклучиво во Европа барем во моментов нема некакво здруштвено меѓусебно поврзување, затоа има потреба од лидер кој ќе може да ги здружи, да ги зближи, да ги транспонира нивните различни самоопределби кон македонското самобитие.

Таквата водечка личност на која нашите ќе можат да гледат и да ги следат неговите принципи со што ќе можат да ја достигнат нивната највисока цел може да биде само Драган Богдановски. Се смета дека со неговите смислени дејствувања за одбрана на македонската света кауза, нашите , посебно оние населени во Европа ќе можат лесно да ја сватат и препознаат неговата способност и идеологија но и борбата кон македонското свето дело. Сето тоа може да им послужи како алка, орудие за нашите да можат да се приклонат и прилагодат кон неговите мечтаења и идеали што ќе изнуди нешто прифатливо, нешто што ќе звучи охрабрувачки, една таква светла искра ќе биде доволно што ќе може да им го скрени вниманието на нашите за да се концентрираат само на македонските чувствителни прашања, со што ќе се зафатат да делуваат и да го бранат македонскиот прастар и автохтон идентитет. Како што е познато во годините во дваесеттиот век меѓу македонските иселеници во сите континенти, посебно во Европа, дека во тоа време со засилени размери се шиespecíf реше големата пропаганда на шовинистичките организации и здруженија, во кои македонците можат лесно да станат нивни плен. Од нив позабележливи беа: пробугарската МПО (македонска патриотска организација), Ванчо Михајловистичка , " Пан Македоники" (прогрчка), и секако УДБА со нејзиното крило "Братство и единство". Заради ваквите антимакедонски негативни влијанија, Драган Богдановски ќе се вовлече во македонскиот лавиринт со цел да ги спои сите македонски емигранти во Европа и да воведе меѓу нив позитивна слика, за нашите да не тапкаат по изгубените стапалки по кои никогаш нема да дојдат до посаканата цел, и да го отфрлат тоа крајно умирање. Ако го сместиме Богдановски меѓу елитата за најзаслужени за македонската кауза, тој би наликувал на Гоце Делчев , кој ке крстари низ европските држави за да ги обедини и да ги организира македонските емигранти со една единствена и јасна визија за иднината на Македонија. Па тоа ќе му послужи да постане највлијателна и најмаркантна фигура на политичката сцена меѓу емигрантите, но истовремено и најомразениот дисидент или анархист наречен од некои.

Драган Богдановски не само што е борец за правата и слободите на Македонците и Македонија, со неговата доблесност тој отвора пошироки видици за просветлена иднина, туку тој истовремено е и публицист, новинар и прозаист и поет. Од него се зачувани низа збирки брошури, разни историски записи како и многу историогравски бележници.

Доблесните постапки за македонштината Богдановски убаво ги прецизира во својата книга збирки на песни "Комитски копнежи":

...Чеда мили,  
Дајте рака да ви стегнам  
Во гроб бргу јас ќе легнам  
На свет завет ви предавам  
Пушка моја ви оставам  
Пак да грми на душман  
Народ страден пак да брани  
На бој знаме да се вее  
Дур слобода не изгрее...  
(Претсмртен завет)

Рецензистот на збирката "Комитски копнежи" професорот Благоја Миленковски ќе го претскаже Богдановски повеќе од поет, највлијателен двигател за македонските интереси. Тој и така ќе остане целосно посветен на националните човечки битија, инспиративен, креативен, со неговите поетски стихови, а ќе биде силен бунтувач против насилниците на македонската чест и достоинство. Подоцна за него како посериозни постапки за македонштината ќе следуваат решавачки политички зафати што ќе можат да донесат позитивни гледишта.

"...Ваква каква што е, збирката "Комитски копнежи" претставува кандило на патот на нашата приспиена национална свест и со својата револуционерна идеологија е патоказ за нашата борба". Потаму тој ќе рече: оплеменет со современ израз ова не го означува крајниот домет на Драган Богдановски. Тој стојчливо ќе отпочне со своите активности насочени кон македонскиот национален развиток и тој меѓник Богдановски го започнува во 1954 година во Франција кога почнува да го издава весникот "Македонска искра". Во Норвешка 1958 го печати "Македонска лоза", потоа "Слободна Македонија", "Македонија", и "Македонска нација", за покасно овие изданија да бидат орган на ОКМ (ослободителен комитет на Македонија).

Првите посериозни зачетоци на Драган Богдановски кон македонската национална кауза започнуваат некаде кон средината на 1962 година, поточно на 23 јуни истата година, кога се одржа собир на македонците во Скандинавија во градот Трелебург, Шведска. Овој собир имаше за цел да ги организира македонците во светот кој ќе работаат заеднички во интерес за самобитноста на Македонија. На состанокот се основа и ОКМ ( Ослободителен комитет на Македонија). За прв претседател беше избран Димко Нечевски од Данска. Покрај тоа Комитетот донесе одлука да се издава весник под името "Македонија". Во редакцискиот одбор беа назначени следниве лица:

Ристо Христов, Алингсас, Шведска-главен и одговорен уредник  
Благоја Блажевски ,Трелебург, Шведска  
Миле Илиевски, Готенбур, Шведска  
Даница Мицковска , Малме, Шведска

Но сепак главниот ѕвезден двигател кој со неговите вечни жртвувања ќе може да ги воздигне Македонците ширум светот ќе биде Драган Богдановски. Тој не влезе во извршниот одбор, но секогаш ќе биде инспиратор кон борбата што ќе може да го обесмрти Македонецот, кој му се оддава на светиот идеал. Еве ја и неговата инспиративна мисла: "Патот до територијално обидинување на Македонија води преку духовно и политичко единство на македонскиот народ". Драган Богдановски неможе да остане покорен и затворен во својата бунтовничка страст, напротив, тој возроден се уште непознат епски јунак ќе отвори широко поле и патишта по кои ќе чекори само оној кој и се поклонил на македонските безсмртни ослободувачи кои ние толку ги величиме.

Драган секогаш ќе биде внимателен и несигурен во било какво здружување се додека длабоко не ја исцрпи материјата со која сака да содејствува. Така еднаш рече и Мајка Тереза која цел свој живот го помина помагајќи на секому кога треба и придонесувајќи за многу политички и социјални движења: "Подобро да бидете сами отколку во лошо друштво". Тој има чудна истрајност и колку да него сакате ќе тргнете по неговиот водечки пат. И така ќе биде, затоа што Драган Богдановски е како онаа " итра лисица во стапица", тој и во стапица не мирува, затоа што има умни постапки, тој е остроумен, снаодлив и секогаш примамлив некои ќе го наречат дури "префригано копиле" ама пак ќе ги прифатат неговите идеи и неговиот пат е неизбежен, без сакање или без знаење ќе чекорите по него.

(Продолжува)

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ



## СООПШТЕНИЕ ОД Пензионерското друштво "Ривер сајд" при МПЦ Св.Илија

ПОЧИТУВАНИ:

Пензионерското друштво "Ривер сајд" при МПЦ Св.Илија од Мисисага, и оваа година организира хуманитарна акција FOOD DRIVE за собирање на храна за семејства на кои им е најопходна во овие моменти.

Вашите донации ќе можете да ги донесете во нашата црква во секое време.

Од напред ви благодариме за вашата помош.

Senior Citizen Club-Oakville &Mississauga "River Side" is once again organizing a FOOD DRIVE collecting food for the people in our community. Please bring your non-perishable items to the St.Ilija Macedonian Orthodox church in Mississauga.

Your donations will be gadly appreciated.



Accredited Nadcap™

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

*Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Planner Production - Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Manual Machinist*
Oakville, ON • Full-time

*Estimator Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Deburrer Grinding Technician - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Assembler Part Markers -Aerospace*
Oakville, ON • Full-time






# МУТАЦИИ НА БУГАРСКИОТ СИНДРОМ

Кога ќе навлезеш во калта, назад – нема. Пропаѓаш. Токму тоа и се случува на Бугарија, со нејзините најнови неразумности против Македонија. Се залетаа како слонови во стаклена менажерија и бараа да се согласиме дека нашите татковци и дедовци биле „Бугари“ и дека сите сме зборувале бугарски дијалект! Ем ние „Бугари“, ем јазикот нивен. Така е, кога ќе се загуби ориентацијата. Откако удрија со главите во ѕидот, откако се освестија дека сепак сме во 21 а не во 18 век, откако светот се крстеше и им се чудеше на памет, ја свртија страницата и - уште повеќе ја утнаа работата. Со големо задоцнување се сетија дека тие, демек, ги бранеле европските вредности кои Македонија ги гази и своите бесмислени барања ги свртија на планот на човекови права. Сметаа дека барем во тоа, светот ќе ги разбере, а тие ќе си ја завршат нечесната работа. Но, заглавија уште подлабоко.

Човековите права, за кои никој никаде не дава пет пари, се најмногу злоупотребувана политичка манипулација на светски план. Ако е така, а така е, зошто и Софија да не ја искористи? Како вирусот, и тие мутираа – ама во погрешна насока. И, место негирање на Македонците и нивниот јазик, со што излегоа смешни за светот, сега ќе ги бранеле правата на непостојните Бугари во Македонија! Демек, кај нас тие биле игнорирани и дебугаризирани на свиреп начин!? Да слушаш, да читаш и да не веруваш. Зарем е можно до таму да стигнале нашите бугарски „браќа“, та да не знаат како да си ги лечат историските синдроми? Зарем целосно ги помешале работите? Самите си ставија клинец во нога. Не трн. Токму тоа што тие им го прават подолго од еден век на Македонците во Бугарија, сега сакаат да ни го импутираат нам, без ниту еден аргумент! Судот за човекови права во Стразбур има 15-тина пресуди против Бугарија за кршење на правата на Македонците а нема, ниту може да има, ништо слично за нас.

Зарем може да не им биде јасно дека со инсистирањето измислените Бугари да влезат во Уставот на Македонија, минимум е дека истото ќе го бараме и ние за Македонците во Бугарија? А тие се реални и автохтони, постојат, бројат стотици илјади а, според потеклото, ги има и преку два милиони во Бугарија, иако поголемиот дел се веќе асимилирани? Зарем не им е јасно дека основен принцип во дипломатијата е реципроцитетот? Ако до сега тоа понизно го игнорираравме, не може вечно да биде така. Можно ли е да не се свесни дека ни дадоа невидена, историска шанса да поентираме? И да ги ставиме пред свршен чин: или и едните и другите во уставите, или ништо од оваа нивна погрешно замислена екскурзија. Ако ние не ја искористиме приликата, пак, тогаш навистина за ништо не нѝ бива. Сите знаеме дека последното што би го направила Бугарија е да го признае македонското малцинство кое не ужива никакви универзално прифатени права. Такво нешто е незамисливо за нив. Впрочем, главната и основна цел на сите овие ујдурми што ни ги прават, е пред се' за да се избришат тамошните Македонци. Ако веќе ние не сме Македонци, не може такви да има ниту кај нив. Многу просто. А, со нивно признавање, самите би си ги урнисале своите вековни историски синдроми во однос на Македонија и Македонците.

Освен МНР, Б. Османи, премиерот и нивните приврзоци, огромниот дел од народот, како и македонската опозиција не може да замисли ние да ги ставиме измислените Бугари во Устав а тие да немаат иста обврска кон Македонците кај нив. Освен нив двајца и малку други, тешко може да се замисли јунак којшто тоа ќе го направи, иако така мислевме и за Нивици. Сепак, поуката од таму би требало да биде извлечена и да не се остава никаков простор за нови капитулации. Ако ние издржиме, а друга опција едноставно немаме, тоа значи дека и оваа бугарска комбинација е однапред осудена на неуспех. Клучно е како „нашиве“ ќе изиграат. Спремните за капитулација мора да се спречат. Ако некој, сепак, прифати без реципроцитет да се внесат „Бугарите“ во нашиот Устав, ќе треба да се осуди на доживотна робија.

Не е прв пат Бугарија да бара права за „Бугарите“ во Македонија. За разлика од порано, сега не зборуваат за бугарско малцинство, што беше крајно контрадикторно и, по малку - смешно. Од една страна, цело време тврдат дека ние сме бугарчиња а, од друга, дека тука има и бугарско малцинство! Едноставно, едното со другото – не оди. Како може кај „Бугарите“ да има и бугарско малцинство? Сега ги менуваат боите ама, сепак, во голема мерка, се' се сведува на исто и треба да работиме тоа да ги удри во глава. Штета ќе биде, ама и срамно, ако „нашиве“ политичари не ги искористат сите аргументи кои ги имаме, барем за да им ги избистрат малку умовите на тие во Софија.

Веќе станува јасно дека и новата коалиција во Софија, којашто треба да биде на власт, нема намера да ја менува веќе дефинираната политиката кон Македонија, што воопшто не изненадува. На секој што малку се разбира во политика и дипломатија, тоа мораше одамна да му биде јасно. Тоа што нашите политички аматери си прават бајрам со умот, дека во декември сепак ќе има датум за преговори, е друга работа. Тоа е класична политичка манипулација со народот.

МНР Османи се однесува како Собранието да не донело никаква Резолуција за односите со Бугарија. Истата го обврзува пред се' него, како најистурен на тој план, ама и премиерот и претседателот Пендаровски, чие молчење е исто така неприфатливо. Ќе потсетиме што пишува во Резолуцијата која ги обврзува сите кои се вклучени во решавањето на проблемите со Софија. Во неа се вели – „преговорите да се водат на рамноправна и принципиелна основа ... без никакво условување од едната или другата страна“; „да се почитуваат безрезервно ... автохтоноста на македонскиот народ и неговиот историски, јазичен, културен и религиски континуитет“; „да се уважуваат ... утврдените факти ..., според коишто македонскиот јазик и неговите дијалектни разновидности имаат свој просторен и свој временски континуитет“, а „македонскиот идентитет го црпи својот легитимитет од повеќе вековните традиции, преданија, обичаи, колективна меморија, менталитет, јазик, артикулираната свест за етнокултурната посебност...“. На крајот, во процесот на евро интеграција, се бара – „Да се почитува безусловно слободно изразената волја на македонскиот народ, неговата етничка и духовна посебност“.

Факт е дека Резолуцијата е од минималистички карактер бидејќи СДСМ долго се спротивставуваше на ваквата иницијатива на ВМРО ДПМНЕ бидејќи спречуваше нова капитулација. Текстот беше прилагоден за и тие да се согласат и да биде прифатен од собранискиот мнозинство, што и се случи. Инаку, да донесуваш ваква Резолуција, и во неа да не ги спомнеш Македонците во Бугарија, како клучот за односите со неа, е само по себе бесмислено и неразумно. Во дадените услови, меѓутоа, изгласувањето на Резолуцијата е, сепак, успех за длабоко поделениот македонски народ и го ограничува дивеењето на власта во распродавањето на неговите фундаментални интереси.

Резолуцијата се изгласа и – како ништо да не се случило. Како што е познато, Македонија го прифати ткн. „португалски предлог“ како основа за решение на проблемот, а тој е во дијаметрална спротивност со насоките поставени во Резолуцијата. Бугарија веднаш го отфрли истиот, што само по себе го прави ништовен. Македонија исто така разговара за предлог наречен „5 + 1“, чија содржина не е позната ама не треба да има дилеми дека и тој е во целосна спротивност со начелата прецизирани во неа. Прво, мораше да реагира МНР и да се огради од претходните свои потези а, второ, откако Министерството и министерот го преспаа тоа, ред беше да се јави Пендаровски. Тој има прецизни овластувања во надворешната политика, кои мора да ги користи. Мораше јавно да се констатира дека овие два предлог документи се за нас веќе надминати и неважечки. Само така би ја зајакнале нашата позиција во спорот.



Сегашната власт мораше да ја прифати Резолуцијата бидејќи ќе беа премногу разголени нивните погрешни политики. Таа, меѓутоа, им ја ограничува спремноста за нови непринципиелни отстапки. Место да ја користат како алатка, „нашиве“ бараат простор за нови и неприфатливи историски концесии. Опседнати се со добивањето на датум за почеток на преговорите со ЕУ, којшто нема никакво суштинско значење бидејќи Унијата уште долго нема да се проширува.

Во деновиве кои следуваат, клучно ќе биде дали оваа гарнитура на власт во заминување, ќе преземе чекори во очај, со коишто ќе го торпедира македонизмот? Добро е што опозицијата гласно најави дека ако се потпише такво нешто, тие нема да го признаваат и ќе го поништат. Поракта беше упатена пред се' во Софија.

Бугарија може да доживее нови мутации во своите политики кон Македонија ама илузорно е да се очекува дека ќе се повлече од своите намери да го елиминира македонизмот, поточно Македонците како народ, пред нашиот евентуален влез во ЕУ. Единствен излез од ќор-сокакот, во кој сме доведени и ние, ама и Брисел, и Вашингтон, та и самата Софија, е ние веднаш и безусловно да го откажеме договорот за (не)пријателство, (не)добрососедство и (не)соработка и да започнеме преговори за нов договор. Друго чаре – нема.

Ристо Никовски
Декември, 2021






# 416 - 750 - 8080 905 - 471- 9100

## New patients are welcome to our Dental Family

Dr. Blagoj Kozovski DDS, Dentist
Dr. Dejana Kozovski DDS, Dentist
Dr. Ljubinka Kozovski DDS,Dentist
Victor Kozovski RDT Registered
Dental Technician



**We wish you a Merry Christmas and Happy New Year! Thinking of you during this wonderful holiday season and wishing you much happiness.**

**KOZOVSKI**
**FAMILY DENTISTRY**






**LOCATIONS:**

190 Main St. N, Markham, ON Tel: 905 471 9100
(across St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church
NEW LOCATION: 1049 McNicoll Ave.
Scarborough ON, M1W 3W6 Tel: **416 - 750 - 8080**



*kozovskifamilydentistry.com* *Kozovski Family Dentistry*

# VASKO NEDANOVSKI

REAL ESTATE BROKER

647.333.9628

The Nedan Team

RENOVATE LIST SOLD

ROYAL LEPAGE DIAMOND AWARD 2021

Ontario A.E. LePage

ROYAL LEPAGE

Meadowtowne Realty Brokerage

VASKO@ROYALLEPAGE.CA

NEDANREALESTATE.CA



*FEELING OVERWHELMED TRYING TO GET INTO THE REAL ESTATE MARKET? GIVE US A CALL AND WE WILL HELP GUIDE YOU THROUGH THE PROCESS. CALL US FOR A FREE HOME EVALUATION TODAY!*

*WE HAVE QUALIFIED BUYERS LOOKING TO PURCHASE REAL ESTATE IN THE GTA. FIRST TIME BUYERS, INVESTORS, DOWNSIZING OR UPSIZING- GIVE US A CALL*

CONGRATULATIONS TO OUR SELLERS!

CONGRATULATIONS TO OUR BUYERS!







The Nedan Team

DIAMOND AWARD 2021

Wishing you all a Merry Christmas & Happy New Year!

647.333.9628

ROYAL LEPAGE Meadowtowne Realty Brokerage

VASKO NEDANOVSKI

REAL ESTATE BROKER

*On behalf of the Executive and Staff of Carpenters' Union Local 27, we would like to wish everyone a safe and Happy Holidays!*




222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140

www.ubc27.ca

@carpenters27

# Now providing Home and Auto Insurance to our community

## COMBINE + INSURANCE AND SAVE = $734*

Allstate®
You're in good hands.

Every policy comes with a person you can count on

Get a quote. It's fast, simple, and could save you money

Contact me for a Quote today or scan the QR code below.

I am proud to offer you services in English and Macedonian language



Ivan Gjorgiev
Williamsburg Town Centre Agency
1187 Fischer-Hallman Road, Unit 606, Kitchener, ON
(226) 444-0063
igjorgiev@allstate.ca

Allstate®
You're in good hands.

Terms and conditions apply. *Average multi-product discount savings is calculated using Allstate's base rates in October 2021 for ON.
Your savings may vary. Coverage, perils, discounts and availability may vary by region. Rates and discounts subject to change.
Trademark owned by Allstate Insurance Company used under licence by Allstate Insurance Company of Canada. ©2021 Allstate Insurance Company of Canada.
009E | 213397 | 11-21

# МЛАДИ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТИ СТЕФАНИ КОСТОВ

Почитувани читатели во овој број сакаме да ви ја преставиме една од најмладите активистки во македонската заедница во Торонто...

М: На почетокот би сакале да ни' се преставиш и секако да ни го преставиш и твоето семејство.

Стефани: Моето име е Стефани Костов и имам 13 години. Фамилијата на мојот татко е од Велес, а фамилијата на мојата мајка доаѓа од Леринско од Егејскиот дел на Македонија.Татко ми, Диме е прва генерација на Македонци во Канада, додека мајка ми Софи е родена во Канада и е втора генерација на Македонци во Канада.

М: Кое одделение си и кои се твоите омилени предмети? Што би сакала да работиш кога ќе пораснеш ?

Стефани: Ја одам во 8-мо одделение. Многу сакам да одам на училиште, затоа што таму се сретнувам со нови работи и се запознавам со нови другарчиња. Моите омилени предмети се Математика и Географија. Кога ќе пораснам имам желба да завршам Учителска школа и да работам како учителка. Сакам да им помагам на децата и да ги учам на нови нешта.

М: Кои се твоите први почетоци и први активности во македонската заедница во Торонто ?

Стефани: Кога имав само 5 години моите родители ме однеоа во Неделното училиште при МПЦ "Св. Климент Охридски".




Мојата прва учителка по македонски јазик беше тетка Весна, а од оваа година со нас работи тетка Снежана. Тие многу ми помогнаа да го научам македонскиот јазик. Следната 2015-та година започнав активно да одам и во играорната група "Македонка". Мојата прва учителка во групата беше тетка Елизабет, а потоа со нас продолжи да работи Цвета. Македонскиот фолклор е прекрасен. Многу се радувам што сум дел од "Македонка" и сум во можност да научам да ги играм преубавите македонски ора. Моментално сум во средната група каде што учителката ми е тетка Наде. Голем поздрав до сите мои учителки.

М: Дали имаш некое омилено оро, омилена песна или некој пејач/ка што најмногу сакаш да го слушаш ?

Стефани: Сите ора кои ги учиме во групата ми се убави, но најмногу ми се допаѓа орото "Тресеница". Сите Македонски песни, и народни и забавни, ми се убави но некако најомилени ми се "Македонско девојче" и "Лено мори". Исто така ја сакам и песната "Не стој Доне, Донке" поради тоа што е убава да се игра. Од пејачите најмногу сакам да ги слушам пеесните на Тоше Проевски и Сузана Спасовска. Од помладите пејачи сакам да ги слушам прекрасните гласови на Мими Јовановска и Елена Андоновска.



М: Дали имаш патувано во Македонија и ако си била дали би сакала повторно да ја посетиш ?

Стефани: Досега само еднаш ја имам посетено Македонија. Моите родители ме однесоа кога бев мала и не се сеќавам многу на таа посета. Знам дека ги посетивме баба ми и дедо ми во Велес, а се видовме и со повеќето роднини од мајчината страна кои живеат во Скопје и Битола. Секако го посетивме и бисерот на Македонија, преубавиот Охрид. Секако дека би сакала повторно да ја посетам Македонија. Посебно би сакала да го посетам Леринскиот крај, кој по зборовите на баба ми и дедо ми е преубав.

М: Пред крајот на ова интервју да ни кажеш дали имаш некое хоби и како го користиш твоето слободно време ?

Стефани: Може да кажам дека моето хоби е готвењето и дека секоја прилика ја користам да направам некое убаво македонско јадење. Љубовта кон готвењето ја наследив од мојот дедо Андреа кој беше професионален готвач. Тој ме научи на многу работи и сеуште ми дава многу совети. Тој вели дека добрата припрема е многу поважна од самото готвење. Омилено јадење ми се полнетите пиперки. Слободното време најчесто го поминувам со мојата фамилија и дружењето со нашите роднини и пријатели. Многу ги сакам зимата и снегот. Едвај чекам да падне првиот снег за да одам на санкање со моите другари. Летно време сакам да одам на плажа и со родителите да се возиме со велосипедите.





М: И на крајот дали би сакала да кажеш нешто што не те прашав и дали би сакала да поздравиш некој/а посебно ?

Стефани: Многу се радувам што моите родители почнаа да ме носат на Македонското школо каде го научив Македонскиот јазик. Исто така и во играорната група "Македонка" каде ги научив првите Македонски ора. Но,- за мене многу е поважно што се запознав со многу нови другарчиња кои имаат како мене македонски корени. Ја користам оваа прилиока и да ги поздравам Надица, Матеа, Виктор, Самоил, Илија, Евгенија, Софија и сите други. Овие пријателства ќе останат засекогаш. Се надевам дека пандемија со вирусот бргу ќе заврши и дека повторно ќе можеме да се гледаме и дружиме секоја недела како што беше во претходните години. Голем поздрав и до сите љубители на овој прекрасен весник а поздрав и до тебе тетка Соња што одвои простор и време да се преставам пред твоите читатели. Поздрав и секое добро...

М: Ти благодариме драга Стефани за прекрасните одговори и ти посакуваме остварување на сите желби и замилски. На твоите родители, бабите и дедовците добро здравје и да продолжат да го читаат весникот Македонија.

# МАНИФЕСТАЦИЈАТА „21. ПЕЛАГОНИСКИ КУЛТУРНО – НАУЧНИ СРЕДБИ“ ВО НОВАЦИ, БИТОЛСКО

На 13. Ноември 2021 година во Новаци, Битолско се одржаа „21. Пелагониските културно-научни средби“, на кои беше доделена наградата “Повелба за животно дело“ на проф. д-р Златко Жоглев и наградата “Златен клас за македонски вознес“ постхумно на поетот Панде Манојлов.
Манифестацијата „Пелагониските културно-научни средби“, се формирани во 2000 година во Општина Новаци. Носители на активноста се познати писатели и научни творци кои со својот личен труд дале и даваат особен придонес за опстој на истите. Овие средби се од големо значење за Општината Новаци, за Битолскиот крај и во целост за зачувување на културно-научното наследство во Македонија. Се одржуваат секоја година, вообичаено во првата половина на месец октомври.
Иницијативата за формирање на манифестацијата „Пелагонски културно-научни средби“ при Општина Новаци, Битолско, потекна од група ентузијасти: писатели, научни работници и културни творци, кои имаат желба да придонесат во афирмацијата на литературните, културните, образовните, историските, фолклорните, археолошките, етнолошките и сите други можни вредности, создавани на почвата на оваа општина или создадени и се создаваат од личности кои потекнуваат од неа.
Оваа иницијатива е озваничена на 20 септември 2000 година во Матичната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ во Битола, кога официјално се конституира нејзиниот иницијативен одбор и кога е избрано раководното тело на Средбите, Извршниот одбор. Извршниот одбор ја организира Првата пелагонска културно-научна средба, која се одржа на 5 и 6 мај 2001 година во мнастирот „Свети Ѓорѓија“ над живописното село Паралово,
Општина Новаци ја продолжува традицијата долга 21 година како домаќин на „Пелагониските културно-научни средби“.
Како резултат на оваа научна манифестација низ годините произлегоа многу трудови и научни зборници. Градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски како домаќин свечено го отвори овај настан



и на присутните им порача дека општината секогаш ги поддржувала и ќе продолжи да ги поддржува и во иднина.
„Овие средби имаат традиција во Општина Новаци веќе 21 година и оваа традиција ќе ја продолжиме и понатаму. Особено се значајни од 3 аспекти и тоа: истражувањата во областа на културата, историјата и книжевното творештво, презентација на научни трудови и афирмација и поддржување на жените автори и младите дејци“, истакна Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци.
Инаку, манифестацијата „Пелагониските културно-научни средби“ ја раководи Совет од повеќе легално избрани личности. Членови на Советот се познати писатели, поети, универзитетски професори и бројни научни творци. Советот на своја седница го анализира творештвото на секој автор. На најстарите и заслужни автори им се доделува „Повелба за животно дело“. . Овогодишен добитник на наградата “Повелба за животно дело“ е проф. д-р Златко Жоглев.
Во 2018 година Советот донесе одлука за воведување на посебно признание „Златен клас за македонски вознес“ кое, вообичаено, се доделува на познати автори кои со своето творештво го афирмираат македонскиот јазик и култура во странство. Овогодишен добитник на признанието „Златен клас за македонски вознес“ постхумно му беше доделено на поетот Панде Манојлов.
Манифестацијата „Пелагониските културно-научни средби“ успешно ја продолжува својата работа благодарение на големиот ентузијазам на голем број творци и поддржувачи што се добива од Општина Новаци. Во овие 21 година опстојување на „Пелагониските културно-научни средби“, меѓу другите, треба да се нагласи безпрекорнара посветеност на претседателите: д-р Цане Здравковски, Благоја Таневски, Ѓорѓи Лазаревски и актуелниот претседател д-р Весна Калпаковска.

Пишува: СЛАВЕ КАТИН



# Кој е Дедо Мраз?



Пишува Елена Антеска, (дипл. филолог по македонски ијужнословенски јазици)

Како што се приближуваат божиќните празници, се почесто го гледаме ликот на Дедо Мраз насекаде во светот. Но кој е всушност Дедо Мраз? Нашите деца како што растат почнуваат да се сомневаат во постоењето на Дедо Мраз. Сфаќаат дека е тоа е само човек облечен во црвен костим со голем стомак, бела брада и црвени образи. Така, нивната илузија за добриот дедо Мраз што носи подароци, полека се губи. Таа илузија може да ја претвориме во вистинска приказна која опстојува со векови и треба да продолжи пренесувајќи ја евангелската порака за добродетелството. Основата за создавањето на ликот на Дедо Мраз и обичајот за подарување за Божиќ можеме да ја најдеме во житието на Светиот Никола Чудотворец. Имено, овој светител е роден во 3-от век во имашно христијанско семејство во областа на малоазиската провинција Ликија и уште како дете со голема љубов се посветил на проучување на Светото Писмо. Подоцна станал свештеник и епископ. Кога починале неговите родители, сето богатство што го наследил, го разделил на сиромашните. Во неговото житие, се зборува за неговиот подарок на некој сиромашен селанец, кој имал три немажени ќерки. За да ги заштити сиромашните девојки да не завршат како робинки, тој една вечер преку прозорецот во чорапи им фрлил пари на сите три ќерки посебно за да им послужи како мираз да се омажат. Оттаму, постои верувањето и обичајот распространет ширум по светот за ставањето подароци во божиќните чорапи над огништето. Овој светител уште се смета за заштитник на морнарите, затворениците, сиромашните и на сите категории од општеството, а посебно за заштитник на децата. Денес, сведоци сме дека ликот на Дедо Мраз има огромна комерцијална примена, но ние знаејќи го вистинското потекло на неговиот лик, треба да ја разбереме и пренесеме добротворната празнична порака, дека на Божиќ треба да им помогнеме најмногу на оние кои што немаат.


## *Have you read Alex Gigeroff's new book THE BELLS WILL RING TOMORROW?*

*The book is only $24.00 plus shipping and handling. Make Christmas giving easier, order 5 copies for a discount of 10% plus Shipping and handling. This book was dedicated to the lost and re-named Macedonian villages, and to the grandchildren who will again "hear the bells ring again".Email vaenter@rogers.com with your name and address. Payment is via PayPal, cash or cheque. You can also pick up your book/s via a "porch pick-up".*

*My address is near Yonge & Finch area, and you will save on postage. Virginia Evans*


**16**
**A BAG OF DIRT**

(from the book THE BELLS WILL RING TOMORROW?)

Long before I ever had need of the fruits of his wisdom, Dedo was planting his seeds in the orchard of my mind with a little story. Maybe he knew he might not be around when I needed him and a story would serve in his place.

When I was a very young child, he told me about this man who was looking for a wife. This man let it be known throughout his village and beyond that he would marry a girl who would clean her parents' house and bring him a bag of all the dirt, dust and garbage she could collect.

As the man was a very handsome, desirable and eligible bachelor, many girls set about diligently housecleaning and gathering into bags all the dirt they could find. Some even went into corners, back rooms and cellars that hadn't been touched in years.
In due time girls began to arrive, some loaded down with two or three bags full, some had even loaded up their donkeys, while others carried much smaller loads.

Finally, a girl arrived who was very shy and almost ashamed, for all she had been able to gather was a very small bag which she held behind her back. She placed her little bag beside those of the others and apologized to the man saying it was all that she could find.
The man stood up in the presence of his friends and announced, "That is the girl I'm going to marry."



Dedo never lived long enough to see me get married but I know he was around all the time.





**,,Оро Македонско,,**
**Радио Програма**
**на македонски јазик**

**DETROIT: SATURDAY 3:00PM WPON 1460AM,**

**SUNDAY 8:00PM WNZK 680AM**

**& CHICAGO: SUNDAY 3PM WNWI 1080AM**






AR All-Risks Insurance BROKERS LIMITED

Auto | Home | Life | Commercial

Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9

Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com

SB Video

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthdays
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

bozarovskistefo@aol.com
Phone:
416 -299-7710
Cell: 647-962-7710

BISTRO RISTORO
17 Clarence Street, Ottawa, ON, K1P 5P4

**WE ARE HIRING: COOK, ETHNIC FOODS, NOC 6322**

**Start date: March 15, 2022**

Wage: $ 17/hour
Terms of employment: Permanent, Full time 40 hours/week
Education: Secondary (high) school graduation certificate
Experience: 3 years to less than 5 years as Macedonian food cook required
Languages: English

**Job Duties:**

- Planning menus, determining size of food portions, estimating food requirements and costs, and monitoring and ordering supplies
- Preparing soft dough for flat breads, pies, bread bites and sticks
- Preparing slow cooked dishes, pot roasts, roasted meats, stocks and sauces
- Preparing and cooking special meals for patrons as instructed by dietitian or chef
- Hiring and training kitchen staff
- Scheduling and supervising kitchen helpers
- Overseeing kitchen operations
- Maintaining inventory and records of food, supplies and equipment
- Setting up and overseeing buffets
- Cleaning kitchen and work area

**Specific skills:**
Prepare and cook Macedonian meals and food: (1) slow cooked dishes, pot roasts, roasted meats, stocks and sauces; and (2) soft dough products (70% hydration) including flat breads, pies, bread bites and sticks;
Food specialties: Macedonian traditional and modern cuisine and cooking operations; Macedonian slow cooked dishes, soft dough products, pot roasts and roasted meats prepared in traditional wood/gas fired oven.
Personal suitability: Dependability, Client focus, Initiative, Team player, Flexibility, Reliability, Organized.

**Employment groups:**

Visible minorities, Persons with disabilities, Indigenous people, Youth, Newcomers to Canada.

**Contact Information: 343 988 7997; E-mail: vladoristovski@gmail.com**

Only the selected candidates will be contacted for an interview.



# Блаже Конески-100 годишен роденден



**Пишува и уредува Благица Дафовска**

Драги читатели, веќе зачекоривме во месец декември и се наоѓаме во пресрет на Новогодишните и Божиќните празници. Нека Ви бидат среќни и весели празниците; со добро здравје, радост и љубов да ја дочекате Новата 2022 година. Во ова декемвриско издание рубликата „Поезија со повод" ќе биде пропратен со новогодишни песни и пораки.

Но, пред се, ќе го прославиме 100-годишниот роденден на Блаже Конески, со почит кон македонскиот поет на сите времиња и меридијани: „ Македонија слави: „ 2021-година во чест на Блаже Конески", еве, се придружуваме, славиме и ние:

**БЛАЖЕ КОНЕСКИ – БЛАЖЕВИНА НА МАКЕДОНИЈА (1921-1993)**

Во Македонија 2021 година беше прогласена за година на Блаже КонескиПо повод 100-годишнината од раѓањето на Блаже Коневски, основоположникот на македонскиот јазик, литературниот прилог ќе биде посветен на неговиот живот и дело како и на настаните што се одвиваа во нашата татковина Македонија. Имено, Министерството за култура и министерството за образование и наука, 2021 г. ја прогласи за година на Блаже Конески. Во чест на еден век од неговото раѓање со повеќе културни настани се славеше неговиот роденден. Но, свеченостите и литературните настапи дојдоа до израз на 19 ноември, денот на нговиот роденден.Овој истакнат македонски поет, книжевник, професор и лингвист, зад себе остави непроценливо дело и мисли што ретко кој друг културен деец може да ги искаже: „Македонскиот јазик треба да биде вистински белег на македонската нација, зашто преку литературниот јазик се зацврснува најздраво свеста за припадност кон една нација." Б. Конески

Оваа мисла содржи голема вистина за македонскиот јазик и нација, зашто Блаже во јазикот гледаше најсилно средство за културно и национално будење на народот. После Втората светска војна тој е една од најзначајните личности како професор, писател, академик и лаурент.

Блаже Конески е роден на 19 декмври 1921 г. во село Небрегово а почина на 7 декември 1993 г. што значи помина едно столетие од неговото раѓање. Главна одлика во биографските податоци на овој истакнат книжевник, поет, академик и професор на Филолошкиот факултрт во Скопје, е тоа што по завршувањето на војната неуморно работел на создавањето на македонскиот правопис и азбука. Тој бил кодификатор на Македонскиот литературен јазик, кој е службен јазик на македонската држава. Овој настан се случи на 2 август, 1994 г. во манастирот Прохор Пчински, на првото заседание на АСНОМ. Конески даде недостижни резултати во македонската литература. Тој напишал Граматиката и Историја на македонскиот литературен јазик, Речник и др. Бил декан и ректор на Скопскиот универзитет, прв претседател на Друштвото на писатели на Македонија, како и прв претседател на МАНУ.Творештвото на Конески е разновидно и преведувано на повеќе јазици. Ги објавил поетските збирки „Земјата и љубовта," „Песни, "Везилка" раскази и др. Добитник е на наградата „Златниот венец" на Струшките вечери на поезијата, „ АВНОЈ"и др.

Ако ги прелистаме поетските збирки на овој наш творец на современата македонска литература, ќе се потсетиме на неговите песни, ќе се најдеме во стиховите од тажни чувства и носталгија, со убави спомени од детството, со љубов за родниот крај:

**ОД ВОЗОТ**

**Еве го крајот во возбуда сина.**
**Таму детството мое ми мина.**
**Плачат оние планини за мене!**
**Под нив, на падина, се просира село.**
**Зар некој не мавта со шамиче бело?**
**Плачат оние планини за мене!**
**Често мислата назад ме враќа**
**Животот другад нгде ме праќа.**
**Плачат оние планини за мене!**



Не само оваа песна каде тажниот носталгичен момент и сликовитиот пејсаж, ја создаваат оваа песна, Конески создава историја за секоја песна. Неговиот лесен стил создава контакт со читателот. Песна „ТЕШКОТО" (1945) е создадена за време на војната, во Прилеп на Велигден. Уште тогаш, овој млад надежен поет имаше далековидна визија за настанитене околу него. На Велигденскиот собор забележал едно „глуво оро"како привидение, без тапан да бие и зурли да трештат, а луѓето наоколу како да вршат „религиозен обред". Возбуден од таа „привидна глетка" тој го виде тешкиот живот на народот.Покасно, импресиониран од фолклорните ансамли кои го играле Тешкото; од двете глетки создаде песната „ТЕШКОТО" која беше објавена во1946 г.со која успешно, на 25 годишна возраст, ги зацртува неговите творечки почетоци:

**„О, тешкото! Зурли штом диво ќе писнат**
**Штом тапан ќе грмне со подземен ехот**
**Во градиве зошто жал темен ме стиска,**
**Во очиве зошто навирува река**
**И зошто ми иде да плачам ко дете,**
**Да превијам раце, да прекријам лик**
**Та гризам јас усни, стегам срце клето**
**Да не пушти вик."**

Конески ни остави песни со врвни квалитети и светско рęноме на кои се сеќаваме и денес во кои го внесе трајно македонскиот народ со сето свое битие, фолклор и традиции.На поетскиот видик се појави „ВЕЗИЛКА"(1955) онака убава, стројна и скромна (проста и строга македонска песна) Тој ја создаде оваа песна со метафората на црвениот и црниот конец од народниот вез, како наши македонски симболи:

**„Везилке, кажи како да се роди**
**проста и строга македонска песна од ова**
**срце што со себе води разговор ночен во тревога бесна?**
**Два конца парај од срцето, драги,**
**едниот црн е, а другиот црвен,**
**едниот буди морничави таги,другиот копнеж и светол и стрвен."**

Овој македонски лаурент и реномиран поет со име од меѓународни размери, со почетен корен зачнат во Македонија, преку лингвистичките правила и зборови од виножитни бои, во песната „ЗБОРОТ" создаде светско ехо од зборовите:

„Од секогаш сум мислел за излишноста на зборот,
Дека најмногу го трога онега, што му е упатен
Одкаде тогаш таа потреба да се искачуваме
Дури со ритам и рима, дури со алитерации?"

За да ни остане трајна врската за Блаже-Блажевината на Македонија, тој и сега, на неговиот 100-ти роденден како да не повикува од царството небесно; „и по смртта нема да исчезне", тој е жив, зашто големите луѓе не умираат. Во текот на оваа 2021 година, се одржуваа масовни чествувања низ Македонија. Неговиот допир со нас на прославите, не е само неговиот дух, туку волшебноста на неговиот збор со неговата трајност. Ни испраќа порака да истраеме и тогаш кога ни е најтешко. Ти благодариме, Блаже, за Твојата и наша:

**ТРАЈНОСТ**

**Ова меѓу нас имаше почеток,**
**но нема крај. И јас не го чекам.**
**И ќе се претвора тоа по некојред**
**Во болка, тревога, омраза, презир.**
**Во мачен внатрешен спор.**
**Но и по смртта нема да исчезне,**
**Ниту ќе тивне да се огласува**
**Од вакви записи на возбуден збор.**

